**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ЧЕТИРИЕСЕТТАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 29.02.2024 година

**СКОПЈЕ, ФЕВРУАРИ 2024 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Четириесеттата седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 29.02.2024 година**

Седницата започна во 11:05 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Дијана Илиевска**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од општинската администрација и подносителите на материјали предмет на расправа и одлучување пред советот.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Триесет и деветтата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Триесет и деветтата** седница на Советот на Општина Гази Баба, без забелешки со **22 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Дијана Илиевска**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата.

За работата на седницата со **23 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Предлог - Заклучок за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба;
2. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за расходување и оттуѓување на стари и неупотребливи ствари;
4. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2023 година;

5. Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2023 година;
6. Предлог - Одлука за преземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2024 година;
7. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година;
8. Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2024 година;
9. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга;
10. Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на детска градинка во населено место Трубарево, на КП 171/5 КО Трубарево (дел од поранешна КП 171/2 КО Трубарево);
11. Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на детска градинка во населено место Инџиково, на дел од КП 396/1 КО Инџиково;
12. Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на нова училишна зграда на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје; на КП 2117/1 КО Сингелиќ 1;
13. Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на училишна спортска сала (училишна фискултурна сала без гледалиште), на КП 2269 КО Цршево (ПУ "Наум Охридски", населено место Цршево, дел од ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје);
14. Предлог - Одлука за примање на донација од финансиско друштво "Иуте Кредит Македонија" ДООЕЛ Скопје;
15. Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Петровец; и
16. Предлог - Одлука за донесување на Програма за изградба на типска училишна спортска сала на КП 2269 КО Цршево (ПУ "Наум Охридски", населено место Цршево, дел од ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје), Општина Гази Баба.

Пред преминување на расправа и одлучување по точкиата од утврдениот дневен ред, редоследно беа соопштени ставовите на комисиите на советот.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Совет ги извести членовите на советот дека расправа по однос на констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба, согласно член 29 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба, **не è овозможена**.

Согласно член 153 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба - "Со **заклучок**, Советот утврдува оценки, односно **констатации** за состојбите и зазема ставови и гледишта во врска со прашањата што ги претресува."

Советот го донесе Заклучокот за констатирање престанок на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба, со **24 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "Детска радост" - Општина Гази Баба - Скопје, со **24 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за расходување и оттуѓување на стари и неупотребливи ствари.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за расходување и оттуѓување на стари и неупотребливи ствари, со **24 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на тримесечниот финансиски извештај за работа и резултатите од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, за четвртото тримесечје од 2023 година, со **18 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на извештајот на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2023 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членот на советот Сафет Адеми (ДУИ) и претставникот од АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, раководител на подружница, Маја Димоска.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на извештајот на АД "Водостопанство на Република Северна Македонија" - Подружница "Скопско Поле" - Скопје, за спроведените активности околу чистењето на каналската мрежа за одводнување во Општина Гази Баба за 2023 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за преземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за преземање на обврските за плаќање надоместок за одводнување, на индивидуалните физички лица - корисници за 2024 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2024 година, со **24 гласа "ЗА"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2024 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за урбано планирање "Ф" на Општина Гази Баба за 2024 година, со **22 гласа "ЗА" и 2 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕВЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествуваа членовите на советот: м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) и Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на договор за воспоставување на јавно приватно партнерство, за давање на услуги на јавно осветлување кое се остварува како договор за јавна набавка на услуга, со **16 гласа "ЗА" и 6 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ДЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на детска градинка во населено место Трубарево, на КП 171/5 КО Трубарево (дел од поранешна КП 171/2 КО Трубарево).**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на детска градинка во населено место Трубарево, на КП 171/5 КО Трубарево (дел од поранешна КП 171/2 КО Трубарево), со **25 гласа "ЗА"**.

**ЕДИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на детска градинка во населено место Инџиково, на дел од КП 396/1 КО Инџиково.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на детска градинка во населено место Инџиково, на дел од КП 396/1 КО Инџиково, со **23 гласа "ЗА"**.

**ДВАНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на нова училишна зграда на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје; на КП 2117/1 КО Сингелиќ 1.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на нова училишна зграда на ООУ "Крсте Мисирков", Општина Гази Баба - Скопје; на КП 2117/1 КО Сингелиќ 1, со **25 гласа "ЗА"**.

**ТРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на училишна спортска сала (училишна фискултурна сала без гледалиште), на КП 2269 КО Црешево (ПУ "Наум Охридски", населено место Црешево, дел од ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје).**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на училишна спортска сала (училишна фискултурна сала без гледалиште), на КП 2269 КО Црешево (ПУ "Наум Охридски", населено место Црешево, дел од ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје), со **25 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТИРИНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за примање на донација од финансиско друштво "Иуте Кредит Македонија" ДООЕЛ Скопје.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за примање на донација од финансиско друштво "Иуте Кредит Македонија" ДООЕЛ Скопје, со **22 гласа "ЗА" и 2 гласа "ПРОТИВ"**.

**ПЕТНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Петровец.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Во расправата учествува Градоначалникот на Општина Гази Баба и членот на советот Александар Саша Димитријевиќ (коалиција предводена од СДСМ).

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Гази Баба и Општина Петровец, со **17 гласа "ЗА" и 7 гласа "ВОЗДРЖАН"**.

**ШЕСНАЕСЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за донесување на Програма за изградба на типска училишна спортска сала на КП 2269 КО Црешево (ПУ "Наум Охридски", населено место Црешево, дел од ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје), Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за донесување на Програма за изградба на типска училишна спортска сала на КП 2269 КО Црешево (ПУ "Наум Охридски", населено место Црешево, дел од ООУ "Наум Охридски" - Булачани, Општина Гази Баба - Скопје), Општина Гази Баба, со **23 гласа "ЗА"**.

Пред заклучување на седницата за збор се јави членот на советот - м-р Мартин Ристов (коалиција предводена од СДСМ) кој во присуство на Градоначалникот на Општина Гази Баба, со своја констатација се осврна на точката 9 од утврденот дневен ред.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - Дијана Илиевска ја заклучи Четириесеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во **11:50** часот.

**Број 09-1682/2**
**од 14 март 2024 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска**

***** аудио записот од седницата е составен дел на записникот